# ИНТЕГРИРАН ПЛАН ЗА

# ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ДЕБРЦА

# 2019-2022




***Дебрца, април 2019***

This document was produced with the financial support of the project 'Improving Municipal Governance' financed by the European Union and implemented by the United Nations Development Programme (UNDP) in partnership with the Ministry of Local SelfGovernment and the Ministry of Finance. The views expressed herein are those of the authors and do not necessarily represent those of the EU nor United Nations, including UNDP, or the UN Member States.

Овој документ е подготвен со финансиска поддршка на Проектот 'Унапредување на општинското владеење' финансиран од Европската Унија а спроведуван од страна на Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) во партнерство со Министерството за локална самоуправа и Министерството за финансии. Ставовите изразени во овој документ се ставови на авторите и не ги одразуваат ставовите на Европската Унија ниту на Обединетите нации, вклучувајќи го УНДП, или на земјите-членки на ОН.

*Почитувани,*

***За културно-историската димензија на општина Дебрца сметам дека нема потреба премногу да се зборува. Накратко, во целокупната историја на Република Северна Македонија не постои поважен период или настан, а општина Дебрца да не учествувала барем со одредени области од својата територија.***

***Она што е значајно за општина Дебрца, а се разбира и за останатите рурални општини во Р. Северна Македонија, е фокусирање кон поголема искористеност на природните потенцијали, акцентирање на предностите кои се несвојствени за метрополите и развиените области, а се со цел развој до нивото на европските рурални региони.***

***Општина Дебрца има неискористен потенцијал и погодни природни предуслови за развој на речиси сите стопански дејности. Климатските, географските и геолошките карактеристики ја прават територијата на општина Дебрца поволна за сите позначајни стопански гранки, почнувајќи од одгледување на органски, еколошки чисти земјоделски производи, преку искористувањето на алтернативни извори на енергија, па се до руралниот и медицинскиот туризам. Меѓутоа, за жал како и сите останати рурални општини во Р. Северна Македонија, искористеноста на овие природни потенцијали е на незавидно ниско ниво.***

***Со цел остварување на визијата за современа и економски развиена Дебрца, општината со финансиска и стручна помош од тимот на UNDP, започна со изработка на овој стратешки документ –*** **Интегриран план за локален развој.** ***Целта на овој документ е преку инклузивен пристап на сите засегнати чинители да се детектираат предностите, слабостите, потребите и можностите во општината. Врз основ на тоа да се формираат стратешките цели, да се определат мерките и преку реализација на потребните проекти да се оствари визијата за современа и економски развиена општина Дебрца.***

***Суштинската разлика кај овој документ наспроти останатите стратешки развојни планови се состои во инклузивноста. Тоа значи дека, секој проект предвиден за реализација со интегрираниот локален развоен план, ќе биде предложен или одобрен во координација со засегнатите страни од приватниот, јавниот или граѓанскиот сектор. Имајќи ги во предвид лимитираните финансиски ресурси на општината, изборот на проектите кои ќе се реализираат е од суштинско значење за правецот во кој ќе се развива општина Дебрца во наредните 4 години.***

***Со почит,***

***Градоначалник на***

***Општина Дебрца***

***Зоран Ногачески***

# Цел на ИПЛР

Изработката на интегрираниот локален развоен план за општина Дебрца е прв стратешки документ кој се базира на инклузивен - партиципативен пристап на локалната лидерска група и трите носечки столба на локалниот економски развој- : приватниот, јавниот и граѓанскиот сектор. Четири годишната визија за развој на општина Дебрца се формира преку индуктивен метод на анализа за конкретните проблеми, потреби и можности кај релевантните општествени чинители во општината. Така, преку прибирање на информации со долуприкажаната методологија се формира база на потенцијални проекти од кои се формираат мерки и приоритети кои се групираат во две стратешки цели чија реализација ќе претставува остварување на визијата за изгледот на општина Дебрца по истекот на 4 години.

Примарната цел на овој стратешки документ е разложување на визијата за просперитетна и економски силна општина на ниво на проекти, со што би се имал сеопфатен документ за презентација и промоција пред инвеститорите. Исто така, овој документ ќе послужи како база на проекти со кои би се аплицирало за грантови и донации пред домашни и странски институции и фондации. Оваа намена на интегрираниот локален развоен план е посебно важна за руралните и релативно финансиски слаби општини како општина Дебрца, кои повеќе од 90% од своите проекти ги реализираат преку грантови од странски институции.

# МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ИЗРАБОТКА НА ИПЛР

За потребите на проектната активност **Изработка на ИПЛР на општина Дебрца 2019-2022**, беа реализирани неколку последователни/паралелни активности, со цел добивање соодветни информации за изработка на интегриран локален развоен план. Спроведени беа следниве активности:

1. Анализа на постојни релевантни документи – desk research;
   - Документите наведени во делот на хоризонтална и вертикална поврзаност,

- За податоците во општиот дел беа контактирани сите релевантни институции кои ни ги доставија потребните информации,
- Стратегијата за локален економски развој на општина Дебрца 2009-2013год.

2. Анкетно истражување;

- Бидејќи општина Дебрца се протега на голема површина и е составена од 30 села од кои повеќето се речиси раселени, анкетното истражување се спроведе телефонски. Последниот попис во Република Северна Македонија датира од 2002 година, па поради тоа како најажурни и временски најприфатливи податоци за бројот на население во општина Дебрца, ги користиме податоците од веб страната *kvaz.mk,* кои податоците ги влечат од државниот завод за статистика.

3. Форуми и јавни расправи;

- Овој метод за прибирање информации беше искористен од сите сектори во општина Дебрца и подетално е образложен во пасусот – Институционална рамка за спроведување на ИПЛР.

4. Одржување работни состаноци со релевантните чинители во општина Дебрца.

# Институционална рамка за спроведување на ИПЛР

Општина Дебрца, со финансиска и стручна помош од UNDP започна со изработка на 4-годишниот стратешки документ – Интегриран план за локален развој. Техничката изработка ја спроведе тим од вработени во администрацијата на општина Дебрца, додека во аналитичкиот, тактичкиот и оперативниот процес на планирање беа вклучени сите релевантни чинители на општествениот живот во општината. Графички и наративен приказ за засегнатите страни во процесот на изработка на ИПЛР следува во продолжение.




- Градоначалникот зеде практично учество во процесот на планирање, формирање на визијата и селекција на приоритетните проекти. Во фазата на аналитичко и оперативно планирање одржа отворен ден за предлози од населението, со што се лоцираа најгорливите проблеми и се определија мерки и проекти за нивно решавање.

- Советот на општина Дебрца имаше практично учество во процесот на оперативно планирање. Советниците ги посетија 30-те села и одржаа средби со месните заедници, со што се изврши и теренска контрола за најнеопходните проекти за подобрување на елементарните услови за живот на населението, пред се за поставување на патна, водоводна и канализациона мрежа.

- Секторот за урбанизам преку јавна расправа со бизнис секторот го стесна кругот на својот развоен план и ги понуди своите приоритетни проекти.

- Секторот за човечки ресурси преку работилници и форуми со таргет групи од граѓанскиот сектор ги лоцира најгорливите проблеми на населението и понуди проекти за нивно решавање.

- Секторот финансии имаше ревизорска функција и ја измери издржливоста и економската оправданост на секој  проект поединечно и неговиот допринос кон остварување на соодветната стратешка цел во која припаѓа.

# СОДРЖИНА

Цел на ИПЛР ...................................................................................................................................... 3
МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ИЗРАБОТКА НА ИПЛР ................................................................................................ 3
Институционална рамка за спроведување на ИПЛР .................................................................................. 4
ХОРИЗОНТАЛНА И ВЕРТИКАЛНА ПОВРЗАНОСТ НА ИПЛР СО ДРУГИ СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТИ ............. 8
**Усогласеност со Европски/ национални / регионални / локални стратешки и плански документи (Вертикална)** 8
1.1 Интеграција на секторските развојни планови во ИПЛР (Хоризонтална) ............................ 11
МЕСТОПОЛОЖБА НА ОПШТИНА ДЕБРЦА СПОРЕД ТЕРИТОРИЈАЛНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА НА.......................... 13
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОД 2004 ГОДИНА .............................................................. 13
**КРАТКА ИСТОРИЈА НА ОПШТИНАТА**................................................................................... 13
**ГЕОГРАФСКА ПОЛОЖБА** ............................................................................................................ 15
**КУЛТУРНО ИСТОРИСКИ СПОМЕНЦИ ЗНАМЕНИТОСТИ (ЦРКВИ МАНАСТИРИ)**................................. 17
**Популација во Општината** ............................................................................................................ 19
**Миграциони процеси**..................................................................................................................... 20
**Полова структура на населението** ................................................................................................ 22
**Структура на населението според образование** ........................................................................... 22
**Домаќинства во Општината** ............................................................................................................ 23
**Вработеност во Општината**............................................................................................................. 23
*П Р Е Г Л Е Д*................................................................................................................................. 23
*невработени лица според школска подготовка со состојба на 20.01.2019 година*.............................. 23
**Образование** .................................................................................................................................. 25
**Здравство**....................................................................................................................................... 25
**Инфраструктура и јавни услуги** ...................................................................................................... 25
**Економски карактеристики** ............................................................................................................. 27
**Институции и организации во Општината**........................................................................................ 30
**Урбанизам, просторно планирање и инфраструктура**....................................................................... 31
***Урбанизам, просторно планирање и инфраструктура***...................................................................... 31
*Заштита на животна средина* ........................................................................................................... 31
**Можности за инвестирање во општината** ........................................................................................ 32
СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1: ............................................................................................................................ 41
**Приоритети:**..................................................................................................................................... 41
СТРАТЕШКА ЦЕЛ 2: ............................................................................................................................ 42
**Приоритети:**..................................................................................................................................... 42
**Мерки:** ............................................................................................................................................. 42
1 Стратешка цел:Развој на Дебрца во насока на водечка дестинација за рурален туризам во југозападен регион 43
1.1 Приоритет: Туризам и искористување на културно историско наследство .................................... 43

1.1.1 Промоција и презентација на туристичката понуда ... 43

1.1.2 Реставрација на културно историски обележја, изградба на нови сместувачки капацитети ... 43

1.2 Приоритет: Развој на човечки ресурси ... 43

1.2.1 Поттикнување за целосно вклучување на целокупното население во целиот процес ... 43

1.2.2 Вклучување и вмрежување на локалните претприемачи ... 43

1.3 Приоритет: Урбанизам и просторно планирање ... 43

1.3.1 Изработка на предлог сообраќајни решенија за подобар пристап до локалитетите, сместувачки капацитети, како и подобрена поврзаност село-град ... 43

1.4 Приоритет: Заштита на животна средина ... 43

1.4.1 Изработка на детална анализа по сектори за подготвеност на подрачјето ... 43

2 Стратешка цел:Зголемена социјална заштита,зголемен квалитет на живот и развој на човечки ресурси ... 44

2.1 Стратешка област: Одржлив развој на локалната економија, индустрија и иновации ... 44

2.1.1 Подготовка на документација за за реконструкција/изградба на водоводи, одводни системи, канализација и гасовод ... 44

2.2 Стратешка област:Земјоделие и рурален развој ... 44

2.2.1 Помагање и стимулација на земјоделците ... 44

2.2.2 Развој и субвенции во земјоделието како приоритетна стопанска дејност ... 44

2.3 Стратешка област:Развој на човечки ресурси ... 44

2.3.1 Стручни обуки за сите вработени во општинската администрација, како и во сите останати институции 44

2.3.2 Озбезбедување услови за отворање подрачни одделение од различни државни служби ... 44

2.4 Стратешка област:Спорт и култура ... 44

2.4.1 Изградба и реконструкција на спортски сали и други простори за рекреација ... 44

2.4.2 Подготовка на документација за реконструкција/изградба на образовни објекти, културни домови, градинки, центри за стари лица итн. ... 44

Преглед на конкретни цели : ... 45

ПроектиР ... 46

**Мерки и индикатори за нивна успешност** ... 73

**Финансиска рамка за имплементација на проектите** ... 75

# ХОРИЗОНТАЛНА И ВЕРТИКАЛНА ПОВРЗАНОСТ НА ИПЛР СО ДРУГИ СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТИ

## Усогласеност со Европски/ национални / регионални / локални стратешки и плански документи (Вертикална)

Интегрираниот локален развоен план на општина Дебрца е изработен со цел да се дефинираат и прецизираат развојните насоки по кој би се движела општината. Попрецизно, интегрираниот план за локален развој има за цел да ги опфати стратешките приоритети за четири годишниот период (2019-2022) за развој на општината. Проектите, како основна клетка во процесот кој води до реализација на визијата, треба да бидат во директна корелација со мерките и стратешките цели на ИПЛР. Во тој контекст, интегрираниот локален развоен план треба да биде компатибилен со Европските, националните, регионалните и локалните стратешки и плански документи.

Вертикалната усогласеност на ИПЛР со стратешките документи од повисока истанца е со апсолутно покриеност кај сите предвидени проекти, пред се бидејќи голем број од стратешките цели кај овие плански документи се инкорпорирани при изработката на интегрираниот локален развоен план за општина Дебрца. Хиерархиската поврзаност со европските и националните стратешки и плански документи е прикажана во продолжение.

***Агенда 2030 за одржлив развој (Цели на одржлив развој на ОН)*** – Во септември 2015 година сите 193 земји членки на Обединетите нации усвоија план за креирање на подобра иднина за сите, определувајќи ја патеката за наредните 15 години, да се стави крај на екстремната сиромаштија, нееднаквоста, неправдите и да се заштити нашата планета. “Агенда 2030” содржи 17 цели за одржлив развој, 169 таргети и 230 индикатори. Мотото на “Агенда 2030” е “Никој не смее да биде запоставен” и како глобален концепт претставува предизвик со кој се соочува секој човек, држава и светот воопшто, а се со единствена цел, да се обезбеди континуиран напредок на квалитетот на живот и благосостојба. Да се обезбеди одржлив развој за сегашните, без да се загрози можноста

за задоволување на потребите на идните генерации. Одржливиот развој сплотува три аспекти: социјалниот прогрес, економскиот развој и животната средина и како таков директно кореспондира со визијата од ИПЛР на општина Дебрца. Поконкретно, 17-те цели за одржлив развој од "Агенда 2030" се најопштиот патоказ при изработката на интегрираниот локален развоен план на о. Дебрца.

***Просторен план на Република Северна Македонија 2004-2020 година*** **-** Просторен план на Република Северна Македонија 2004-2020 се донесува за територијата на целата држава и претставува стратегија за просторен развој на Републиката, кој дава насоки за намената, користењето, заштитата, организацијата, уредувањето и управувањето со просторот на државата. Како плански документ од највисоко национално значење, Просторниот План претставува стратешки, долгорочен, интегрален и развоен документ со кој се обезбедува организирање, заштита и управување со просторот на Државата како особено вредно и ограничено национално богатство. Концептот на долгорочен просторен развој на државата до 2020 год. поставен во Просторниот план, во голема мера се базира на усвоените секторски стратегии во одредени сегменти од развојот, сите документи од национален карактер и комплетно методолошки се потпира на доктрината на одржлив развој, што му дава полно право да го добие епитетот и тежината на стратегија за просторен развој на државата.

***Национална Стратегија за Регионален развој 2009-2019*** – Регионалниот развој е комплексен и долгорочен процес чија основна цел е намалување на диспаритетите во развојот меѓу и во рамките на планските региони. Во законот за регионален развој се утврдени целите на политиката на регионалниот развој во Република Северна Македонија:

- Рамномерен и одржлив развој на целата територија на Р. Северна Македонија, заснован врз моделот на полицентричен развој,
- Намалување на диспаритетите меѓу и во рамки на планските региони и подигање на квалитетот на живот на сите граѓани,
- Зголемување на конкурентноста на планските региони,

- Зачувување и развивање на посебниот идентитет на планските региони, како и нивна афирмација и развој,
- Ревитализација на селата и афирмација на подрачјата со специфични развојни потреби,
- Поддршка на меѓуопштинската и прекуграничната соработка на единиците на локална самоуправа во функција на поттикнување на рамномерен регионален развој.

Врз основа на овие цели, во Стратегијата се дефинирани стратешките цели и приоритети на политиката за поттикнување на рамномерен регионален развој на Р. Северна Македонија за 2009-2019 година. Притоа е направен обид за што е можно поблиско усогласување на стратешките цели на Стратегијата за регионален развој со приоритетите на политиката на ЕУ за економско – социјална кохезија и приоритетите идентификувани во Лисабонската стратегија на ЕУ. Ваквото усогласување е направено со цел да се поттикне развојот на планските региони според зацртаните насоки на ЕУ и да се дејствува во правец на подигање на капацитетите на планските региони и единиците на локална самоуправа за користење на соодветните компоненти од расположливите ИПА фондови на ЕУ. Според истиот концепт, интегрираниот локален развоен план на општина Дебрца ги усогласува своите стратешки цели со Национална Стратегија за Регионален развој 2009-2019.

***Програма за развој на југозападен плански регион 2015-2019 година*** - Програмата за развој на Југозападниот плански регион претставува основен среднорочен стратешки документ за остварување одржлив раст, во кој се дефинирани среднорочните цели кои се планирани да се остварат до 2019 година. Програмата е планско-програмски документ за поефикасно и поуспешно управување со развојот на Регионот и како таков вообичаено служи за поттикнување на регионалниот развој. Развојот на знаењето, образованието, туризмот, инфраструктурата, информатичката технологија, социјалната кохезија, економијата , како и заштитата на животната средина, е многу поцелисходно кога се одвива на ниво на регион. Значењето на Програмата лежи во заеднички утврдената визија на развој на Југозападниот плански регион, со дефинираните среднорочни развојни цели, приоритетите и мерките за целиот Регион. Програмата за развој на

Југозападниот плански регион 2015 - 2019 е изработена во согласност со Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија, а при изработката на Програмата во предвид се земени и другите национални, стратешки документи. Како што претходно споменавме, ова претставува среднорочен стратешки документ и во него се дефинирани следните среднорочни стратешки цели:

- Модерна регионална економија базирана врз висока технологија и знаење,

- Образование прилагодено на потребите на економскиот развој, ефикасна социјална и здравствена заштита за населението во Регионот и создавање услови за запирање на миграцијата,

- Развој на туризмот поврзан со природното и културното наследство,

- Зачувување на квалитетот на животната средина.

***Програма на Мрежата за инклузивен регионален развој на ЈЗПР 2017-2019 година*** – Исто како и програмата за развој на југозападен плански регион, овој стратешки документ го креира Центарот за развој на југозападен плански регион и во суштина ги дели истите средорочни стратешки цели, со поголемо акцентирање на приоритетните области од кои произлегуваат стратешките цели:

Приоритетна област 1. Интерно организациско зајакнување на Мрежата за инклузивен регионален развој на ЈЗПР;

Приоритетна област 2. Поттикнување и поддршка на развој на руралниот туризам во регионот; Приоритетна област 3. Совесно и рационално искористување на природните ресурси за развој на руралниот туризам (за заштита на животната средина и запазување на културната традиција)

Приоритетна област 4. Поддршка на иновативен пристап за развој на регионот.

## 1.1 Интеграција на секторските развојни планови во ИПЛР (Хоризонтална)

Хоризонталната усогласеност на секторските развојни планови со ИПЛР се постигна уште на самиот почеток, т.е. со вклучување на сите општински сектори во процесот на планирање. Секторите имаа активно учество во аналитичкиот, тактичкиот и оперативниот дел од планирањето, со што по автоматизам се обезбеди инкорпорирање на секторските развојни планови во ИПЛР соодветно. Така, секторот за урбанизам преку

јавна расправа со бизнис секторот го стесна кругот на својот развоен план и ги понуди своите приоритетни проекти. Секторот за човечки ресурси преку работилници и форуми со таргет групи од граѓанскиот сектор ги лоцира најгорливите проблеми на населението и понуди проекти за нивно решавање. Секторот финансии имаше ревизорска функција и ја измери издржливоста и економската оправданост на секој проект поединечно и неговиот допринос кон остварување на соодветната стратешка цел во која припаѓа.

Накратко, досегашните секторски развојни планови беа проширени во некои сегменти за време на процесот на планирање и прибирање информации и како такви се вметнаа во Интегрираниот локален развоен план со што се постигнува апсолутна хоризонтална поврзаност на стратешките документи. Последниот документ усвоен од советот на општина Дебрца е *Нацрт план за зачувување на Белчишко Блато(Сини Вироj)* и директно кореспондира со четвртата стратешка област – Заштита на животната средина и првата СТРАТЕШКА ЦЕЛ: Развој на Дебрца во насока на водечка дестинација за рурален туризам во југозападниот регион.

## ОПШТИ ПОДАТОЦИ

Општина Дебрца географски му припаѓа на Охридско - Преспанскиот басен и се наоѓа во југозападниот дел на Република Северна Македонија. Општината граничи со општина Кичево, општина Демир Хисар, општина Охрид и општина Струга. На територијата на општина Дебрца се протега реката Сатеска која се влива во Охридското Езеро. Вкупната површина на општината изнесува 425,39 км2, населени места во општината се 30 и тоа рурални средини, а бројот на жители е 5.500 според пописот во 2002 година кој е и последниот попис во Република Северна Македонија. Највисоката точка во општината е на 2.242м надморска висина, а најниската е на 697м надморска висина. Вкупната аграрна површина во општината Дебрца изнесува 23.627ха. Од нив под обработливо земиште спаѓаат 10.303 ха или 43,6%, пасиштата завземаат површина од 3.844 ха или 16,27%, додека под шуми спаѓа површина од 9.480 ха или 40,13%. На територијата на општина Дебрца има изградено релативно добра патна инфраструктура. Општината има две вештачки езера, Слатинско езеро и Требенишко езеро.




МЕСТОПОЛОЖБА НА ОПШТИНА ДЕБРЦА СПОРЕД ТЕРИТОРИЈАЛНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА НА

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОД 2004 ГОДИНА

**КРАТКА ИСТОРИЈА НА ОПШТИНАТА**

Историски гледано областа Дебрца е позната и под името Славна Дебрца поради славното минато во борбата за слободна Македонија. Во времето на организираниот революционерен отпор кон крајот на XlX и почетокот на XX век во Дебрца многу често престојувал и охридскиот војвода и Македонски револуционер Христо Узунов заедно со Петар Чаулев. Токму Дебрца била најсилното жариште во Охридскиот регион во времето на Илинденското востание во 1903 година. Дебрца особено е прославена во периодот на Втората светска војна по неколку настани. На Славеј Планина на 18 Август 1942 е формиран првиот македонски партизански баталјон ,,Мирче Ацев,, а во 1943

година, неколку недели Дебрца ќе биде Прва и еднинствена слободна територија во Северна Македонија за време на Втората Светска Војна. Првата македонско-косовска народноослободителна бригада е формирана во село Сливово на 11 ноември 1943 година. Во с.Издеглавје бил одржан Првиот свештенички собир на кој било иницирано формирањето на МПЦ. Со текот на времето, во Дебрца се формира општина Белчишта која содржела вкупно 24 села. Со законот за територијална организација од 2004 година, општина Белчишта и општина Мешеишта се спојуваат и заедно прават една општина, Општина Дебрца која брои 30 населени места и тоа :

1.Оровник
2.Горенци
3.Требеништа
4.Волино
5.Белчишта
6.Мешеишта
7.Климештани
8.Ботун
9.Лешани
10.Злести.
11.Горно Средорече
12.Долно Средорече
13.Грко Поле
14.Велмеј
15.Брежани
16.Ново Село
17.Црвена Вода
18.Песочан
19.Издеглавје
20.Сл.Чифлик
21.Слатино
22.Оздолени
23.Сошани
24.Сливово
25.Арбиново
26.Мраморец
27.Турије
28.Годивје
29.Врбјани
30.Лактиње

Како централно седиште на општината е земено селото Белчишта во кое се наоѓа и административната зграда на општина Дебрца. Во склоп на општината работи и Јавно комунално претпријати кое се грижи за водата и хигиената во општина Дебрца.

# ГЕОГРАФСКА ПОЛОЖБА

Според рејлефните карактеристики општината Дебрца се вбројува меѓу ридскопланинските општини во Р. Северна Македонија. Највисока точка се наоѓа на планината Стогово (бабин срт 2.242 м) а најниската точка се наоѓа на крајбрежниот дел на населеното место Оровник, на 697 м надморска висина. Во однос на геогравско - топогравските карактеристики општината лежи на рамничарски предел на надморска висина од 720 до 770м.

Конфигурацијата на теренот е погодна за развој на општината во сите правци освен кон исток каде изразито се возвишува ридот Орлово седло (1126м) и претставува физичка бариера. Според конфигурацијата на земјиштето, општина Дебрца може да се подели на 3 дела: долна, средна и горна Дебрца. Долна Дебрца (поранешна Општина Мешеишта) е пред се рамничарски предел. Во средниот дел на општината, по притоките на реката Сатеска се наоѓаат широки рамнини (Белчишко, Ботунско, Лешанско и Велмешко поле) горниот дел на општината е познат по ридскопланинските терени, големи шумски појаси (површини) и мал дел на рамница.

***Геотектонски карактеристики***

Геолошката градба на општината ја чинат најчесто алувијални творевини и полувијални седименти распространети во рамничарскиот дел. Алувијалните наноси по однос на инженерско-геолошките карактеристики преставуваат претежно лабилни терени со ниски вредности на физичко механичките својства.

***Сеизмологија***

Според анализа на досегашните сеизмички активности на општината регистрирани се земјотреси со максимални интензитети кои не надминуваат 7 степени МЦС (меркалиева скала). Поради заштита од возможни земјотреси, согласно законот за градење се препорачува да се предвиди соодветна сеизмичка заштита.

***Клима***

Климатските каратеристики на општината зависат од морфолошките карактеристики на овој крај. Температурата на воздухот е прилично неконстантна и е проследена со

изразити температурни осцилации. Регионот на општината се карактеризира со умерено топла летна темпратура, со максимален просек од 34 степени, како и умерено ладни зимски температури, со апсолутно минимална температура од минус 21 стапен. Во регионов просечно има околу 75 летни денови, односно денови кои имаат максимална дневна температура над 25 степени. Просечните годишни врнежи се движат помеѓу 700 и 820 мм/м2. Најврнежлив месец е ноември.

*Вегетација*

Подрачјето на општината според своите релјефни карактеристики опфаќа значаен дел на шумовити терени. На територијата на општина Дебрца, на шуми припаѓаат 50,45% според податотиците на Јавното претпријатие „Македонски Шуми,, и тоа: горска букова шума која се протега на 5229,88 хектари, потоа подгорска букова шума (92451,85ха) ,Љуцеро острсетум (42ха) , Љуцеро уарпинетум ориенталис(607,5 ха) и бор (28,4 ха). И сите погоре споменати преставуваат мошне значаен еколошки и стопански ресурс.

Во атарот на село Требеништа во месноста Алистрата во КО Требеништа постои групација на костенови дрва (лат.име цастанеа сатива) кои се единствен природен резерват на оваа територија и треба да се сочува, со површина од 15 ха со тенденција за зголемување.

*Хидрографија*

Територијата на општина Дебрца се одликува со поголем број на водни акумулации, реки и извори. Најголема е реката Сатеска која зафаќа 39,36% од вкупната површина на сливот на Охридското Езеро. Сливното Подрачје на река Сатеска опфаќа 420 км2.

Еден од поголемите хидрографски објекти е и блатото помеѓу селата Белчишта и Ново Село познат како Белчишко Блато „Сини Вирој,, кој преставува реликтен остаток од некогашното Десаретско Езеро, со кое Дебрца била поплавена во плиоцентот. Белчишко Блато е најголемо сочувано водно станиште во Северна Македонија со површина од околу 0,5 км2. Според стратегијата за биодиверзитет и акционен план на Република Северна Македонија од 2004 год. предвидено е прогласување на Белчишко Блато за заштитено подрачје и е класифицирано во приоритетите од првостепено значење.

Слатинско езеро е вештачка акумулација која е изградена во 1963 година. Се напојува со вода од Мраморечка река и е со вкупна зафатнина од 1.400.000 м 3. Висина на браната е 15.5 м и оваа вештатчка акумулација во 2013 година од природна ерозија на земиштето доведува до уривање на заштитнот бедем и до испуштање на водната маса, но согласно програмата на Владата на Република Северна Македонија истата беше повторно изградена. Од другите акумулаци треба да се споменат акумулацијитте на браните во селото Песочани на кој се изградени три Хидроцентрали.

Природната акумулација кај селото Требеништа (Требенишко езеро) кое е настанато со тектонско пореметување на земиштето.

*Рудни богатства*

Рудните резерви на подрачјето на општината се неистражени. Регистрирани се наоѓалишта и резерви на неметални минерални ресурси на два локалитета и тоа: глина кај село Арбиново и рудник за травентин кај село Велмеј, рудник за манган кај селото Врбјани (локација на планината Стогово) за кој рудник е издаден концесиски период на експлотација.

## КУЛТУРНО ИСТОРИСКИ СПОМЕНЦИ И ЗНАМЕНИТОСТИ (ЦРКВИ, МАНАСТИРИ)

***Цркви и манастири во Општина Дебрца***

Општина Дебрца располага со големо културно - историско наследство лоцирано на својата територија, во што примарна улога имаат црквите и манастирите од кои како најкарактеристични се манастирот „Сите Свети„ во село Лешани кој датира од 1452 година и манастирот „Свети Јован" во село Слатино кој датира од 16 ти век), Црквата Свети Ѓорѓија во с.Врбјани е осветена во 1605 година (и тоа не е сосема сигурно бидејќи дел од летописот со годината е одлепен со малтерот, а асоцира на 1606 година). Според кажувањата на старите селани, црквата била изградена а неосветена 300 години (се совпаѓа 1340 до 1605 година), како доказ се фреските на јужната страна на олтарот Свети Сава и Свети Симеон – столбник српски. Заклучокот е дека црквата Свети

Ѓорѓија е градена од 1322 до 1340 година затоа што не е можно фреската на Свети Сава да биде донесена подоцна во 16 век, кога турското владеење било големо и Турците биле апсолутни господари. Во 1903 година после Илинденското востание, целото село е запалено, а тогаш е изгорена и црквата со иконостасот. Иконостасот во црквата Свети Ѓорѓија е обновен во 1916 година и него го имаат работено браќата Ѓоре и Доне од мијачкото село Гари, како и уште 21 црква во населените места на општината.

### *Археолошки наоѓалишта*

На подрачјето на општина Дебрца постојат шест археолошки локалитети и една пештера како трага од првобитните заедници. Како едни од поголемите археолошки локалитети кои се истражувани преставува Требенишката некропола кај село Требеништа во кој се пронајдени двете златни маски и голем број на артефакти. Требенишко Кале на 1400 м одалеченост од Требенишката некропола, археолошки локалитет кај село Велмеј кој сеуште не е детално истражен. На територија на општината постои и една пештера како трага од првобитните заедници.

Се претпоставува  дека во рамките на Климентовата Епископија Велика (Дрембица) припаѓала и сегашната теорија на Дебрца. Потврда за тоа се археолошките остатоци од триесетина рано средновековни словенски цркви и манастири.

### *Историски и меморијални подрачја*

Историски или меморијални подрачја се подрачја, градба и обележје врзани за значаен историски настан или личност, кои се заштитуваат и уредуваат со зачувување на трајни и автентични сеќавања на настанот или личноста. Во Општина Дебрца се наоѓаат споменик на слободата, братсво и единство на бригадите кај село Ботун и спомен могила на Славеј Планина, Лактиње и двата од 20 век.

### *Културни манифестации*

Од доменот на културата во општина Дебрца се истакнуваат две манифестации:

-Интернационалната Уметничка колонија „Дебрца,, -Белчишта, која преставува и најмасовната културна манифестација во општината, а активно постои 35 година во која досега учество зеле преставници од речиси сите земји од Балканот и Европа.

-Културната манифестација Црешнобер која започнува со одржување во 2014 година, претставува манифестација која ја презентира черешната како производ на локалните обичаи и култура на населението.

## Популација во Општината

### *Бројот на населението според пописот од 2002 година*

Општина Дебрца е составена од 30 населени места со вкупен број на жители од 5.507 со површина од 425,39 км2.

### *Структурата на населението според националната припадност*

Според националната припадност на населението, територијата на општина Дебрца е населена претежно со Македонско - православно население и тоа Македонци 96,6% ,Албанци 2,7% и останати 0,7%

### *Структура на населението според воздраст*

Бидејќи последниот попис во Република Северна Македонија датира од 2002 година, а од тој период до денес се случуваа драстични промени во структурата и бројноста на населението, за порелевантни и попрецизни податоци ја користиме веб страната *kvazi.mk* која се повикува на податоци од државниот завод за статистика. Податоците за општина Дебрца главно датираат од 2016год. и се најблиски до моменталната реална состојба во општината.







## Миграциони процеси

Миграцијата е еден од значајните чинители за намалување на бројот на жители во сегашната општина Дебрца, а миграционото салдо изнесува -114.

Споредбата на податоците за бројот на жителите од претходниот попис од 1994 година во однос на бројот на жителите според последниот попис од 2002 година укажува на намалување на бројот на жителите за 765 или во проценти 12,25%. Ова е од причина што значаен дел од стопанските капацитети се затворени и не работат.






## Полова структура на населението

Во општината има 2.748 жители или 49,9% од населението е од машки пол и 2.759 жителки или 50,1% од женски пол.

## Структура на населението според образование

| Бр | Школска подготовка | број на лица | % од вкупното население |
|---|---|---|---|
| 1. | Без училиште | 391 | 7,1 |
| 2. | Некомплетно основно образование | 1068 | 19,4 |
| 3. | Основно Образование | 1743 | 31,65 |
| 4. | Средно Образование | 1378 | 25,02 |
| 5. | Виша школа | 95 | 1,72 |
| 6. | Висока школа | 70 | 1,27 |
| 7. | Магистратура | 1 | 0,02 |
| 8. | Сеуште во процес на образование | 3 | 0,05 |

**податоците се преземени според пописот од 2002 година*



## Домаќинства во Општината

Вкупниот број на жители во општина Дебрца изнесува 5.507. Бројот на домаќинства во општината Дебрца изнесува 1.995, додека просечнит број на членови во домаќинствата изнесува 2.7. Просечна густина на населеност изнесува 13 жители на км2, додека вкупниот број на станови во општината изнесува 4.355. Овие податоци датираат од пописот во 2002 година и до денес се значително изменети.

## Вработеност во Општината




*П Р Е Г Л Е Д*

*невработени лица според школска подготовка со состојба на 20.01.2019 година*

*Агенција за вработување на Република Северна Македонија*

| | Општина | Вкупно | | Без образование и со | | Непотполно средно образование | | Завршено средно образован | | Више образование | | Високо образование | Магистри на науки | | | Доктори на науки | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени | Се | Жени |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 |
| 22 | Дебрца | 206 | 75 | 60 | 18 | 67 | 16 | 60 | 28 | 4 | 2 | 15 | 11 | 0 | 0 | 0 | 0 |




*П Р Е Г Л Е Д*

*вкупен број на активни баратели на работа и други лица кои бараат работа по региони, населени места*

*со состојба на 20.01.2019 година*

**Агенција за вработување на Република Северна Македонија**

| Општина Дебрца | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Место | Вкупно | Жени | Активни баратели на работа | Активни баратели на работа - жени | Други лица кои браат работа | Други лица кои браат работа - жени |
| 15 | Белчишта | 46 | 18 | 19 | 9 | 27 | 9 |
| 16 | Ботун | 14 | 5 | 10 | 3 | 4 | 2 |
| 17 | Брежани | 4 | 0 | 2 | 0 | 2 | 0 |
| 18 | Велмеј | 31 | 14 | 17 | 6 | 14 | 8 |
| 19 | Волино | 41 | 14 | 17 | 6 | 24 | 8 |
| 20 | Врбјани | 2 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 |
| 21 | Г одивје | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| 22 | Горенци | 28 | 10 | 9 | 5 | 19 | 5 |
| 23 | Грко Поле | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 |
| 24 | Долно Средоречие | 2 | 1 | 0 | 0 | 2 | 1 |
| 25 | Злести | 29 | 8 | 18 | 2 | 11 | 6 |
| 26 | Издеглавје | 12 | 4 | 5 | 1 | 7 | 3 |
| 27 | Климештани | 5 | 1 | 3 | 0 | 2 | 1 |
| 28 | Лактиње | 5 | 0 | 3 | 0 | 2 | 0 |
| 29 | Лешани | 55 | 24 | 26 | 11 | 29 | 13 |
| 30 | Мешеишта | 66 | 30 | 25 | 9 | 41 | 21 |
| 31 | Ново Село | 10 | 6 | 3 | 3 | 7 | 3 |
| 32 | Оздолени | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| 33 | Оровник | 37 | 19 | 22 | 9 | 15 | 10 |
| 34 | Песочани | 7 | 5 | 3 | 1 | 4 | 4 |
| 35 | Слатино | 9 | 3 | 5 | 2 | 4 | 1 |
| 36 | Требеништа | 32 | 14 | 16 | 8 | 16 | 6 |
| 37 | Турје | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 |
| 38 | Црвена Вода | 3 | 0 | 0 | 0 | 3 | 0 |
| Вкупно за општина: | | 442 | 176 | 206 | 75 | 236 | 101 |

## Образование

Од објектите за образование и воспитување, во општината постои централно основно училиште ,,Дебрца,, с.Белчишта на кое припаѓаат и работните единици во: Велмеј, Мешеишта и Требеништа, како и подрачните училишта во селата: Оровник, Горенци, Волино, Ботун, Злести, Лешани, Издеглавје и Слатино во кои бројот на учениците континуирано се намалува.

## Здравство

Од здравствена заштита на населението во општината е застапена само примарната здравствена заштита која се остварува преку амбулантни, приватни здравствени институции, кои постојано работат во следните населени места: Требеништа, Мешеишта, Белчишта, Велмеј, Сливово.

Во погледа на заштита на домашни животни во општината постои една Ветеринарна станица во с.Требеништа.

## Инфраструктура и јавни услуги

*Сообраќајна инфрструктура*

Сообраќајната поврзаност во општината ја сочинуваат: Меѓународен ареодром ,,Св.Апостол Павле,, Лоциран на 9 км од градот Охрид, а на 15 км од седиштето на општината, магистралниот пат Скопје-Кичево-Охрид, магистралниот пат Скопје-Охрид -Албанија со должина од 36,8 км. Регионалниот патен правец Ботун -Белчишта-Брежани во должина од 16,2 км и локални патишта и улици во должина од 107,8 км.

На територија на општината е започната изградба и на автопатското поврзување Кичево-Охрид во должина од 57 км и Автопатско Поврзување Требеништа-Струга со што опшината и селата кои гравитираат се поврзуваат со автопат.

Согласно Програмата на Владата на Република Северна Македонија започната е постапка за изработка на техничка документација за железничко поврзување на општината со градовите Кичево, Охрид и Струга - до граница со Албанија.

*Снабдување со вода за пиење и фекална канализација*

Во општината 98% од населението е обезбедено со здрава и чиста вода за пиење преку локалните или регионалните водоснабдителни системи кои со вода се снабдуваат од извори или локални бунари. Во текот на летните месеци се јавува недостаток од вода за пиејње во 5 селски населби пред се поради недоволниот капацитет на резервоарите. Вкупната потрошена вода на годишно ниво изнесува 136.080 м3. Општината презема мерки за решавање на овие проблеми во водснабдувањето со изработка на техничка документација и изградба на резервоари и реконструкција на постоечките водоводни мрежи со цел задоволување на потребите на жителите на општината.

*Канализација*

Во општината не постои канализациона мрежа (освен во населените места Белчишта, Оровник, Горенци и Мешеишта). Локалната самоуправа неодамна го реализира и проектот за изградба на регионален колектор за населените места Требеништа, Волино, Мешеишта и Климештани. Се очекува изработка на основни проекти за секундарна канализациона мрежа за повеќето населени места и пречистителни станици за одредени населени места каде што е најнеопходно. Општината во иднина ќе продолжи со изградба на канализациони мрежи во секое населено место како би се добила целосна канализациона мрежа и би се подобриле услугите од комуналната сфера.

*Електрична енергија*

Сите населени места во општината се поврзани на електродистрибутивната мрежа и се обезбедени со јавно/улично/осветлување. На подрачјето на општината се наоѓат и ХЕ Песочани, со годишно производство 13,0 ГВч, МХЕ -Слатино со реф.бр.359 - на Мраморечка река со моќност од 514 kw сопственост Феро инвест -Скопје, Мхе -Песочан со реф.бр. 393 на Песочанска река со моќност од 722 kw сопственост Хидро Енерџи гроуп - Скопје, МХЕ -Песочан со реф.бр. 392 на Песочанска река со моќност од 1007 kw сопственост Хидро Енерџи гроуп – Скопје. Во општината се изградени и 3 Фотоволтаични централи.

Имјаќи ги во предвит идните потреби од електрична енергија и можностите за производство на електрична енергија во општината, се планира изградба на

фотоволтаични централи за кои административната постапка е во фаза на изработка на урбанистички план и формирање на градежни парцели кои би се понудиле на приватни инветитори за изградба на фотоволтаични централи.

*Поштенски сообраќај и телефонија*

Поштенскиот сообраќај се одвива преку четири работни едниници на Јп ,,Македонски Пошти,,. Телефонскиот сообраќај е воспоставен во сите населени места. Според постоечката концепиција на системите за пренос извршена е монтажа на дигитални преносни системи кои нудат услуги од областа на интернетот, телевизија и мобилната комуникација.

## Економски карактеристики

*Преработувачка индустрија*

Поради својата местоположба и добро развиена инфраструктура: електрична енергија, водовод, телефонска мрежа, локални патишта, близина на градовите Охрид, Струга, Кичево, граничниот премин со Република Албанија - Ќафасан, општина Дебрца преставува добра средина за индустриски развој. Од индустриските капацитети кои што се лоцирани на територија на општината има:

-Фабрика за трансворматори

-Рудник за травентин

-Рудник за манган

- Фабрика за челични конструкиции

